# Како примателите на дознаки да се стават под социјалниот чадор?



Неодамнешно истражување покажа дека дознаките што иселениците ги испраќаат во Македонија вршат големо влијание за „омекнување“ на некои социјани показатели, како сиромаштијата, здравјето, но и условите за домување и материјалната исцрпеност на домаќинствата. Дополнителни 2,000 денари дознаки ја зголемуваат општата потрошувачка за 1,176 денари, а потрошувачката за здравје и лекови за 370 денари, што потоа ја намалува веројатноста за влошување на здравјето за високи 63%. Претворањето на дознаките во формален систем за социјална заштита може да биде корисно за примателите на дознаките и за благосостојбата на општеството во целина.

БРИФ ЗА ПОЛИТИКИТЕ
бр. 11

**Главната препорака од ова истражување е дека владата – Министерството за труд и социјална политика – треба да воведе Ваучер политика на дознаки. Овој ваучер би овозможил секоја невработена индивидуа која прима дознаки по официјални канали, да добие ваучер од владата за здравствни услуги и лекови во вредност на просечната потрошувачка за здравје и лекови, под услов тој/таа да стави 6% од дознаката на пензиска штедна сметка. Ваучерот е еден од начините за трансформација на дознаките од неформална во формална социјална заштита.**

## Проблем

Со невработеност од 25.5% и сиромаштија од 22.1%, Македонската економија се соочува со предизвиците на социо-економскиот развој, одржливоста и благосостојбата. Само 9% од домаќинствата примаат формална социјална помош од државата, што придонесува за намалување на инциденцата на сиромаштијата за само 3%.

Од друга страна, Македонија прима најмалку 400 милиони долари парични дознаки годишно, што е околу 4% од БДП, колку што изнесуваат, или повеќе, и странските директни инвестиции. Просечно-примениот износ по глава на човек е 1,200 долари годишно, правејќи ги дознаките значаен фактор за животниот стандард, особено на сиромашните домаќинства.

Околу 90% од дознаките се трошат за секојдневна потрошувачка. Најмалку половина од нив се испраќаат преку неофицијални канали.

Целта на истражувањето е да се испита можноста од формализирање на дознаките како социјална заштита во Македонија, преку симулирање на ефектите од воведување Ваучер политика на дознаки, која ја опишуваме подолу.

## Методологија

Истражувањето ја користи ДотМ 2008 Анкетата на дознаки, која содржи репрезентативен примерок од 4,173 индивидуи во Македонија.

Врз податоците се применуваат два методи на пресметка. Прво, се пресметува шест-фазен систем од равенки преку т.н. условен оценувач на измешани процеси. Стапката на емиграција по регион се користи како инструмент за дознаките кои се претпоставуваат ендогени во однос на потрошувачката на домаќинствата. Дознаките ја одредуваат потрошувачката, која потоа ја одредува здравствената состојба на

индивидуата. Овој систем од шест равенки потоа се користи за симулирање на ефектите од Ваучер политиката на дознаки.

**Ваучер политика на дознаки**

Во вториот чекор, ја дизајнираме Ваучер политиката на дознаки (ВПД) на следниот начин. Секоја невработена индивидуа која прима дознаки по официјални канали (како банка), добива ваучер од владата во вредност на просечната потрошувачка за здравје и лекови, кој може да го искористи за здравствени услуги и лекови, под услов тој/таа да стави 6% од дознаката на приватна пензиска штедна сметка.

Потоа, користиме екс-анте симулациски метод за да ги оцениме ефектите од ВПД, со наметнување шокови врз дознаките и потрошувачката.

**Резултати**

Клучниот резултат од истражувањето е дека **дознаките служат како неформален извор на социјална заштита во Македонија**.

- За секој дополнителен денар дознаки, личната потрошувачка за здравје се зголемува за 0.2 денари, а општата потрошувачка за 0.6 денари;
- Исто така, дополнителен денар потрошен на здравствена потрошувачка ја намалува веројатноста за лошо здравје за 0.17%.

Стекнувањето на ваучерот, произведува позитивни ефекти за примателите на дознаки:

- Го подобрува нивниот здравствен статус и потрошувачката, што потоа придонесува кон намалување на сиромаштијата за 1.4%;
- Од друга страна, обврската за штедење на мал дел од дознаките на пензиска сметка ја намалува тековната потрошувачка, што има релативно голем негативен ефект, бидејќи сиромаштијата расте за 0.5%.

Сепак, се проценува дека комбинираниот ефект од ВПД го подобрува здравјето за 0.2%, а сиромаштијата ја остава непроменета.

Ефектот е посилен за ранливите групи, како жените, лицата што живеат на село и младите приматели на дознаки.

**Препораки**

Вака дизајнирана, ВПД ги произведува следните користи.

*За примателите на дознаки:*

- Обезбедува формална социјална заштита – вклучително здравствена и пензиска заштита, што потоа може да ги направи подобни и за други форми на јавно или приватно финансирање (кредити), и со тоа да го поддржи нивното социјално вклучување;
- Поддржува дополнително финансиско описменување на примателите на дознаки, со оглед дека стекнувањето на ваучерот е условено со примање на дознаките преку, и оттука интерактирање со, финансиска институција;
- На долг рок, може да придонесе за попродуктивна и поздрава популација и да го продолжи очекуваното траење на животот.

*За владата:*

- Ќе го намали износот од буџетот наменет за социјална помош, со оглед дека некои корисници на социјална помош веројатно се и приматели на дознаки;
- И покрај трошоците, ВПД не подразбира парични плаќања, и може да помогне во подобро таргетирање на ранливите групи, што ќе го намали притисокот врз некои тековни буџетски ставки.

*За економијата и општеството во целина:*

- Ќе ја намали инциденцата на социјална ранливост и исклучност;
- Ќе овозможи појасна слика за износот на дознаки што влегуваат во економијата, со охрабрување нивно примање преку официјални канали;
- Користењето финансиски институции и приватни пензиски фондови може да поттикне и да го зголеми штедењето;
- Конечно, поголемо штедење и подобра социјална вклученост на примателите на дознаки може да придонесат кон зголемени инвестиции, како што се претприемачки актвности, и така да ја обезбедат нивната самоодржливост на среден до долг рок.

Finance Think е Институт за економски истражувања и политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Ул. Фредерик Шопен 1/2, 1000 Скопје

+389 2 6156 168, www.financethink.mk, info@financethink.mk

***

Брифот за политиките е резултат на проектот “Симулација на ваучер политика за подобрување на социјалните услови на индивидуалните приматели на дознаки во Македонија“.

Овој бриф за политиките е поддржан од Партнерството за економски политики – Канада.